Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2001/1 од 04.05.2026 година, со дополнение заведено под број 12-2001/2 од 17.05.2026 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежно да постапуваат други органи.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на Министерството за внатрешни работи на РСМ и на Министерството за здравство на РСМ.

Предметот заведен под број 12-2001/1 од 04.05.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК, преку електронска пошта, на ден 15.05.2026 година е поднесена анонимна пријава заведена под број 12-2001/1, а на ден 17.05.2026 година е доставено дополнение на истата пријава, заведено под број 12-2001/2.

Во пријавата и дополнението, подносителот наведува сомненија дека лекари-специјалисти, примариуси и професори, заедно со нивните тимови (анестезиолози, инструментарки) вработени во ЈЗУ Универзитетска клиника ------ при ЈЗУ Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ - Скопје, неосновано и без реална медицинска потреба спроведувале хируршки интервенции на пациенти кои биле наплатувани вон евиденција, во готово, како и дека спроведувале естетски корекции на нос и уши договарани директно и неевидентирано помеѓу лекарите и пациентите.
Понатаму се наведува дека дел од интервенциите биле изведувани викенд и во празнични денови на државјани од Косово, Албанија и Грција, со авансна наплата во готово, дека од еден пациент бил побаран нов автомобил марка Мерцедес како услов за изведување операција, дека отсечени делови од телото (уши и носеви) се чувале во специјални фрижидери и наводно се пренесувале и продавале на црниот пазар, како и дека дел од хируршкиот инструментариум бил однесен во домовите на вработените, каде наводно се вршеле нелегални интервенции.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека истите се однесуваат на сомненија за неовластено и незаконско вршење на здравствена дејност, изнуда, нелегално постапување со делови од човечкото тело и други можни кривично-правни дејствија, чие процесуирање и понатамошно постапување е во надлежност на органите за внатрешни работи, поради што предметната пријава со прилозите ќе се достави на Министерството за внатрешни работи на РСМ на понатамошно постапување согласно неговите законски надлежности. Наводите воедно се однесуваат и на работењето на здравствена установа и здравствени работници во системот на јавното здравство, поради што предметот ќе се достави и на Министерството за здравство на РСМ, заради преземање на мерки од негова надлежност.

Поради наведеното, ДКСК одлучи пријавата со прилозите доставени кон истата, да ги достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, како надлежени органи за понатамошно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Доставено до:
- Министерството за внатрешни работи на РСМ
- Министерството за здравство на РСМ